СВЕТИ ДИМИТРИЈЕ РОСТОВСКИ

ПЕРЗѠНА ПРЕОСВѢЩЕНА ДИМИТРІЯ
МИТРОПОЛИТА РОСІВСКА ЇАРОЛАВСКА

СВЕТИ ДИМИТРИЕ РОСТОВСКИ

ПРАШАЊА И КРАТКИ ОДГОВОРИ ЗА ВЕРАТА И ЗА СЁ ДРУГО ШТО ТРЕБА ДА ГО ЗНАЕ ХРИСТИЈАНИНОТ

ВТОРО ИЗДАНИЕ

ОХРИД
1998

Издава: *Ирис* - Струга

Превел: Диме Кочовски, протојереј

Лектура: Ивана Кузманоска

Печати: *Ирис* - Струга

Тираж: 1000 примероци

С1Р-Каталогизапија во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

22/28.01
Р0СТ0ВСКИИ, Димитрии свјатои
Прашања и кратки одговори за верата и за сè друго што треба да го знае христијанинот /Свети Димитрие Ростовски ; (уредник и превод Диме Кочовски).- 2 издание.-Струга: Ирис", 1™?8.- 80етр;Т7см

Предговор

Драги читателу,

Уште од поодамна имавме желба да издадеме повеќе наслови со автентична духовна литература, книги и брошурки кои ќе бидат со многу ниска цена, со цел луѓето да можат да ги купуваат, да ги читаат и со тоа духовно да се збогатат.

Така, еве, излегоа од печат првите 10 духовни книги. Насловите се: Кој ќе ми одговори, Кој ќе ми ја каже вистината, Да ја запознаеме Црквата, Христовите параболи, Покајание, За часовите на болката, Невидлива борба, Кратки прашања и одговори за верата, Одбрани молитви и Веронаука.

За да може оваа благородна идеја да се оствари, ни помогнаа: НЕКS (СН); Градски Водовод, Платекс, Путник, Екстра-Скопско, Панорама, Фото-Љубе, П.П. Јове, аптека Протекта, фризерски салон Илче, и црква Св. Ѓорѓија (сите од Охрид); и црквите: Св. Никола (Винзор) и Св. Ѓорѓи Кратовски (Детроит).

Нивната помош ќе овозможи и нови едиции на духовна литература поради што им останuваме трајно благодарни.

Се молиме и се надеваме дека овој наш потфат ќе им помогне на нашите млади луѓе, а и на постарите, подлабоко да ја запознаат нашата вера и да ја практикуваат. Ова е преку потребно во нашево време полно со нејаснотии, конфузност н тешкотии, кога се замрачени духовните вредности и перспективи. Но Бог, Кој е светлина и љубов, може да ни го осветли патот и да нѐ исполни со вера, љубов и надеж, со изобилна радост и среќа.

Уредник на едицијата: Диме Кочовски, протојерej.

ПРАШАЊА И КРАТКИ ОДГОВОРИ ЗА ВЕРАТА И ЗА СЁ ДРУГО ШТО ТРЕБА ДА ГО ЗНАЕ ХРИСТИЈАНИНОТ

Прашање: **Што е Символот?**

Одговор: Символот е исповедување на светата православна вера.

П. Од кој јазик потекнува зборот *Символ?*

О. Од грчкиот.

П. Како би го кажале на славјански?

О. Кратко изложување на православната вера или исповедување на верата.

П. Каде е напишан Символот?

О. Во книгите на Светите отци и во *Часослово*т.

П. Чиј е Символот?

О. Никејски и Константинополски.

П. Зошто Символот се нарекува никејски и константинополски?

О. Затоа што беше составен на двата вселенски собора, т.е. првиот - Никејскиот и на Константинополскиот, кој се одржа по Никејскиот.

П. Како започнува Символот?

О. Верувам во Единиот Бог Отец, Седржител итн.

На колку члена се дели Символот?
О. На дванаесет.

П. Кажи ми ги сите членови посебно?

О. *Од Првио*т *собор:*

а) Верувам во единиот Бог Отец, Седржител, Творец на небото и на земјата и на сè видливо и невидливо;

б) И во единиот Господ Исус Христос, Син Божји, единороден, Кој е роден од Отецот пред сите векови; Светлина од Светлина, вистински Бог од Бога вистински, роден, нестворен, единосуштен на Отецот, преку Кого сè станало;

в) Кој заради нас луѓето и заради нашето спасение слезе од небото и се воплоти од Светиот Дух и Марија Дева и стана човек;

г) И беше распнат заради нас во времето на Понтијскиот Пилат и страдаше и беше погребан;

д) И воскресна во третиот ден, според *Писмото.*

ѓ) И се вознесе на небо и седна оддесно на Отецот;

е) И пак ќе дојде со слава да им суди на живите и на мртвите и Неговото Царство ќе нема крај;

Вториот собор:

ж) И во Светиот Дух, Господ, што дава живот, Кој излегува од Отецот, на Кого му се поклонуваме и Го славиме заедно со Отецот и Синот и Кој говорел преку пророците;

з) Во една света, соборна и апостолска Црква;

ѕ) Исповедувам едно крштение за простување на

гревовите;

и) Го чекам воскресението на мртвите;

ј) И животот на идниот век. Амин.

П. Кажи ми што подразбираш и во што веруваш во секој од тие членови?

О. Во првиот - верувам дека Единствениот Бог Седржител е Создателот на сите видливи и невидливи сознанија, дека е Отец и Промислител на сè и дека Тој, со својата сесилна заповед и волја, од ништо го создал небото и сета убавина и ангелите, земјата, со луѓето и животните, и сè понатаму во своето време, и сето тоа го одржува.

Во вториот - верувам дека Спасителот наш Исус Христос, Синот Божји Единороден, од Отецот, пред сите векови е роден, на неизречив начин, суштествено и бестрасно, како што Светлината се раѓа од Светлина.

Во третиот - верувам дека вистинскиот Син Божји, едносуштен и рамночесен на Отецот, поради спасението на човечкиот род осуден на пеколот - во областа на сатаната, поради Адамовиот пад, слезе од небото и прими плот човечка, разумна и одушевена, а не без душа и не привидна, во утробата на Марија, од Нејзината девствена крв, по Светиот Дух. Верувам дека Господ Исус Христос е совршен Бог и совршен човек, кој се состои од разумна душа и од човечка плот и дека Тој е Еднороден Син Божји, а не два сина; една Синовска Божја Ипостас, кој живее во две природи - родена по Божеството од Отецот пред сите векови, а по Човештвото од Дева Богородица во свое

време.

Во четвртиот - верувам дека нашиот Спасител - Господ Исус Христос, поради својата неискажлива љубов кон Своето создание - човекот, вистински а не привидно претрпе доброволни страданија, мачења и распетие и погребение, не по Божеството, туку по своето човештво.

Во петтиот - верувам дека Спасителот наш Господ Исус Христос, со тоа тело што го прими во утробата на Дева Богородица и со кое пострадал и умрел, воскреснал во третиот ден со семоќната Божествена сила, како што претскажаа и пророштвата.

Во шестиот - верувам дека Спасителот наш Господ Исус Христос, по четириесетдневно дружење со своите ученици, со силата на своето Божество, се вознесе на небото со својата плот и седна оддесно на Отецот, како Бог рамночесен и единосуштен на Него.

Во седмиот - верувам дека нашиот Спасител ќе биде Највишиот Судија на живите и мртвите, на праведните и грешните: и тоа со тоа тело што го прими од Дева Богородица, со кое пострада, беше погребан и воскресна и се вознесе, ќе дојде на земјата со сите ангели и со голема слава, и дека секому ќе му даде според неговите дела; и дека на неговото царство кое потоа ќе го добијат праведните како наследство, ќе му нема крај.

Во осмиот - верувам дека Светиот Дух е совршен Бог, единосуштен на Отецот и Синот, дека исходува од Отецот, и дека еднакво треба да му се поклонуваме и да го славиме како Отецот и Синот.

Во деветтиот - верувам дека една е Светата и соборна и апостолска Црква, која е утврдена со крвта и учењето Христово - со учењето на апостолите и Светите Отци, со страданијата на мачениците, и која ниту вратите на пеколот не ќе можат да ја разурнат, која се држи на источното православно исповедание, и се раководи по светите закони.

Во десеттиот - верувам дека оној што не ќе се крсти, не ќе биде спасен. Зашто тајната на крштението е врата на Божјата благодат, зашто ако не сме крстени, тогаш ни крвта на Синот Божји нема да ни донесе корист; ако пак се крстиме, стекнуваме напуштање на гревовите, вечно спасение, стануваме соделители на заслугите Христови, на Синот Божји, се обврзуваме на сите христијански закони, особено на благотворното причестување со Телото и Крвта Христови, во вид на леб и вино.

Во единаесеттиот - верувам дека со телата што сме ги примиле и што се создадени од Бога, и со кои живееме во светот, ќе воскреснеме поради гласот Божји, во последното време, и дека според нашите дела ќе примиме или живот вечен или вечна мака.

Во дванаесеттиот - верувам дека небеското царство и пеколот се бескрајни, и дека по воскресението од мртвите, на судниот ден, ќе добиеме или вечен живот - во блаженство со Бога или маки со ѓаволот.

П. Колку Символи има?

О. Два: а) Никејско-константинополски и

б) од свети Атанасиј Велики, патријархот

александриски.

П. Зошто Символот се вика Никејско-константинополски?

О. Затоа што Константинополскиот собор ја утврди никејската вера и го дополнил Символот, како што кажавме погоре, со членовите за Светиот Дух за Црквата и другите.

П. Кој е автор на Символот?

О. Светите Отци собрани од Светиот Дух на вселенските собори: на првиот во Никеја и на вториот во Константинопол.

П. Кои се Светите Отци?

О. Патријарсите, архијереите и другите што се утврдени во православното учење и православните учители.

П. Како и каде биле свикувани соборите?

О. По совет на Светите Отци, по наредба и со помош на благочестивите цареви, поради надојдените важни црковни потреби - во грчките области.

П. Какви архијереи имаше во тоа време? Руски или од други краишта?

О. Грчки, римски и други.

П. Зошто немаше и руски архијереи кога и тие се православни?

О. Затоа што во тоа време Русија сè уште не

беше просветена со светото крштение, туку беше во темнината на идолослужението сè до рамноапостолниот кнез Владимир, кој со својот пример и грижа ја засади и ја распространи верата во Русија во 988 година од Р.Х., а во 6497 г. од создавањето на светот.

П. Зошто соборите се нарекуваат *вселенски?*

О. Затоа што тие беа составени од архијереи собрани од сета вселена, прифатени од вселенската христијанска црква, свикани од благочестивите вселенски цареви.

ЗА ВСЕЛЕНСКИТЕ СОБОРИ

П. Против кого бил свикан првиот собор?

О. Првиот Вселенски собор бил свикан во 325 година по Р. Х., а од почетокот на светот во 5833 година, во 12. година од владеењето на Константин Велики, во градот Никеја, и го сочинувале 318 Свети Отци. Најстари Свети Отци на овој собор беа: Александар Константинополски, Александар Александриски, свети Никола Мирликиски, Евстатиј Антиохиски, свети Спиридон Тримитунски и Макариј Ерусалимски. Силвестер Римски испратил свои посланици. Овој собор беше свикан против Ариј, поранешен александриски свештеник, кој хулеше на Синот Божји; зашто го нарече создание, а не Бог Создател и единосуштен на Отецот, и говореше дека имало време кога Тој не егзистирал. На овој собор Отците го изложија

учењето што исповедува дека Синот е рамночесен и рамнопрестолен едносуштен на Отецот, потоа установија Пасхата да се празнува онака како што сега ја празнуваме и донесоа и други правила. Арија и непокајаните истомисленици Соборот ги проколна за навек.

Од Првиот до Вториот собор поминаа 55 години.

Вториот Вселенски собор беше во 380 година, во Цариград, во текот на владеењето на Теодосиј Велики и во времето на свети Григориј Богослов, Нектариј Константинополски, Кирил Ерусалимски, Тимотеј Александриски, Мелетиј Антиохиски и други светители. Вкупно 150 Свети Отци. Се собраа против Константинополскиот патријарх Македониј, злочестивиот хулник на Светиот Дух, за кого тврдеше дека е создание, а не Бог и нееднаков по суштество со Отецот. Но Светите Отци го исповедаа Светиот Дух како рамночесен на Отецот и Синот, кој исходува од Отецот и е рамнопоклонен на Отецот и Синот.

П. Имаше ли на тој Собор и други еретици?

О. Беа и едномислениците на Аполинариј.

Заблудата на Аполинариј се состоеше во тоа што тој учеше дека Синот Божји имал една плот и една душа, и, според тоа, ако умре, телото би умрело и Божеството и сè друго.

Од Вториот до Третиот собор поминаа 51 година.

Третиот Вселенски собор беше свикан во 413

година од Р. Х. во времето на царствувањето на Теодосиј Помладиот, во градот Ефест. Тоа беше во времето на Кирил Александриски, Јувенал Ерусалимски и Мамон Ефески. На овој собор присуствуваа 200 Свети Отци. Соборот беше свикан против злочестивиот патријарх цариградски Несторије, кој велеше дека во Христа има две природи, но и две ипостаси (божествена и човечка) и учеше дека Христос се роди од Дева како обичен човек (а не богочовек); потоа Марија Дева не ја нарекуваше *Богородица,* туку *Христородица,* и многу други злохулни ереси. Затоа на овој собор беше осуден и казнет и од Бога за своето безумие, така што неговиот богохулен јазик црвоса.

Од Третиот до Четвртиот собор поминаа 20 години.

Четвртиот Вселенски собор беше во 451 година, во текот на владеењето на цар Маркијан, во градот Халкидон, во време на Анатолиј, патријарх цариградски, Јувенал Ерусалимски и Максим Антиохиски. На овој собор присуствуваа 630 Свети Отци. Соборот беше против злочестивиот патријарх александриски Диоскор и архимандритот Евтихиј. Тие исповедуваа дека Господ наш Исус Христос е единосуштен на Отецот, но во сфаќањето на неговата човечка природа проповедаа нечистива хула, т.е. ги сливаа во Него двете природи - божествената и човечката и признаваа дека по нивното соединување станала една природа, така што и на Божеството му ги припишува и страданијата, маките и тагите. Понатаму уште говореа дека Господ не е со еднаква

природа како нас и дека не примил плот од девствената крв, туку бил вооплотен на божествен и неискажан начин. Поради ваквите застранувања, Светиот собор ги отфрли и ги анатемиса и утврди дека нашиот Господ Исус Христос е совршен Бог и совршен човек, во две природи, така што природите ниту се разделиле во две ипостаси или двајца синови, ниту се слеале во една природа.

Ова еретичко исповедание, кое беше проколнато на Четвртиот собор, до денес го одржуваат Монофизитите (Ерменците) и таквото монофизитско (ерменско) толкување се состои во расколничкото двопрстие, при што показалецот, стоејќи исправено го означува Божеството, а свитканиот прст под показалецот - човештвото. Со тоа толкување се укажува и на причината зашто прстот кој го означува Христовото човештво е свиткан: зашто Христос слезе на земјава, приклонувајќи ги небесата со своето човештво. Според тоа, Тој го симнал од небото на земјава готовото човештво и со него се вселил во утробата на Дева, а не го примил човештвото од девствената крв. Од ова монофизитско мудрување за двата прста и за Христовото овоплотување следува и тоа дека три прста се сложуваат во името на Пресветата Троица и бидејќи во Христа беше Светото Тројство, следува дека се овоплотило Светото Тројство, а не еден од Троицата - Синот Божји.

Затоа Монофизитите (Ерменците) и кон Трисвјатое додаваат: *Кој што се распна поради нас - за нас.* Со таквото злохулно монофизитско толкување

расколниците го признаваат своето двопрстие како најголема светиња, за основа на спасението и христијанството. Таквиот крст го нарекуваат старински и го превозносуваат својот крст не само над постојниот крст, туку повисоко и од Христа.

Од Четвртиот до Петтиот собор поминаа 172 години.

Петтиот Вселенски собор беше во Константинопол во 553 година, во време на владеењето на Јустинијан Велики. На него присуствуваа 160 Свети Отци. Најстарите од нив беа: Евтихиј Константинополски, Аполинариј Александриски, Домн Антиохиски, Дамјан Созополитски. Овој Свет собор го доврши и го утврди она што беше решено на Халкидонскиот, и ја проколна новата ерес за последните маки што настанаа врз старите погрешни учења на јерej Ориген, Евгариј и Дидим. Еретиците го засноваа своето учење на зборовите: *Господ е штедар и милостив и не се гневи до крај* (Пс. 102,9), но ги забораваа Христовите евангелски зборови: *И овие ќе одат во вечна мака, а праведниците во вечен живот* (Мт. гл. 25). Зборовите од псалмот дека Господ не се гневи до крај се однесуваат на овој живот, како што се и зборовите на седмиот псалм: *и не се гневи секој ден.* Но, тоа што следува потоа мора да нè загрижи: *Но ако не се покаете, Тој ќе го очисти своето оружје, ќе го затегне својот лак и ќе го насочи, и затега смртната стрела,* а стрелите свои ги вжарува. Ориген, исто така, говорел дека нема да воскресне нашата плот бидејќи душите преминуваат од тело во тело, и

многу други темнохулни работи што овој собор ги отфрли.

Од Петтиот до Шестиот собор поминаа 128 години.

Шестиот Вселенски собор се одржа во 680 година во времето на Константин Брадатиот. На него присуствуваа 171 Свет Отец. Најстарите беа: Георги патријархот Константинополски, Теофан Антиохиски, Петар, монахот од Александрија и други Свети Отци. Овој собор беше свикан против „едноволјците“ (монотелитетите): Теодор, епископот Фарански, Гонориј, папата Римски, Павле, Пир, Сергиј, Петар Гугнив, бившите епископи Константинополски, Макариј Антиохиски, Кир Александриски ересоучителот, старецот Полихроние и нивните истомисленици кои говореа дека во Христа постоеше само една волја. На овој свет собор беше изложено учењето дека Христос Бог има две природи и две волји, а ипостас една - Бог Слово; изложиле уште 102 правила.

Од Шестиот до Седмиот собор поминаа 117 години.

Седмиот Вселенски собор беше одржан во Никеја во 797 година, во времето на владеењето на Константин и неговата мајка Ирина. На него присуствуваа 167 Свети Отци, во присуство на посланиците присутни беа и римскиот папа Андријан, а исто и Тарасиј Цариградски, иконоборците, кои беа проколнати зашто проповедаа дека нашиот Господ Исус Христос е неопислив по Божество, а опислив по човештвото. И воведоа

поклонување на Неговиот Пречист лик, и на Неговата Мајка и на сите светии. Овој собор изложил и 22 правила.

П. Што е иконата?

О. Иконата е слика на оригиналниот лик.

П. Ако иконата не е Бог, зошто ја почитуваме?

О. Не е Бог, но е слика за Бога, поради што и се почитува.

П. Пред споменатите собори имаше ли и некои други?

О. Имаше уште во времето на апостолите во Ерусалим и во други места по апостолите; а за Апостолскиот собор во Ерусалим ни раскажуваат *Делата апостолски,* напишани од св. Евангелист Лука (Гл. 15).

П. Дали сите собори беа вистински и остануваат вистински?

О. Сите се вистински затоа што над нив бдееше Главата - почетокот на нашата вера на која се утврдува.

П. Символот на патријархот Атанасиј каде е напишан?

О. Го има во *Псалтирот.*

П. Како почнува?

О. Ако некој сака да се спаси, пред сè, т*реба да ја*

одржува католичката вера, и ако не извршува непорочни дела, без сомнение ќе погине.

П. Што е *католичката вера?*

О. Да се верува во единиот Бог, Славен во Троица, и Троицата во Единица да се почитува, како што нѐ поучува Символот.

П. Што значи *католик?*

О. Сеопшт, соборен, согласен, вселенски.

П. Што е *Света Троица?*

О. Три ипостаси или Три лица.

П. Кажи ми појасно?

[1] Зборот *католичка* или *католическа* значи универзална, сеопшта, вселенска. И нашата православната вера се нарекува *католическа,* и цариградскиот патријарх во својата титула се нарекува *католически.* Но, овој збор низ времето станал препознатлив повеќе за Западната (Римокатоличката) Црква.

О. Отецот, Синот и Светиот Дух: Отецот нероден; Синот роден од Отецот пред сите векови; Светиот Дух произлегува од Отецот пред сите векови - Света, Единосуштна и Неразделна Троица.

П. Не се ли тоа три богови?

О. Не три богови, туку Еден Бог, во три ипостаси - лица на кои се поклонуваме.

П. Што е *ипостас?*

О. *Ипостас* е грчки збор кој на руски значи лице, не лице телесно, туку духовно - во Бога, како во светлоста светлина.

П. Какво сфаќање треба да имаме за Бога?

О. Бог е Пресвета Троица: Отец и Син и Свети Дух. Творец на небото и земјата и на сè видливо и невидливо.

П. Што е тоа *видливо и невидливо!*

О. Видливо е тоа што го гледаат нашите телесни очи, т.е. небото, земјата, сонцето, месечината, ѕвездите и сета украсена вселена; а невидливо се ангелите Божји и душата човечка.

П. Синот Божји, Создател ли е?

О. Создател.

П. Светиот Дух, Создател ли е?

О. Создател.

П. Не се ли тројца Создатели?

О. Не тројца, туку Еден, зашто Еден е Бог, на кого во Троицата му се поклонуваме и го исповедуваме.

П. Како Бог го создал толку величественото сознание на севидливо и невидливо?

О. Со збор Господов небесата се утврдија и со Духот на устата Негова, сета сила нивна - вели

псалмопевецот.

П. Колку природи исповедуваме во Бога?
О. Една природа.

П. Каква?
О. Божествена.

П. Колку суштества?
О. Едно суштество бесконечно.

П. Што е тоа *бесконечно суштество?*
О. Бесконечно суштество е битие самобит, но на кое не му треба друг за неговата битност.

П. Во колку лица го исповедуваме Бога?
О. Во едно лице, таков е Синот, таков е и Светиот Дух, т.е. Отецот е Светлост или Светлина, и Синот исто така е Светлост или Светлина, и Светиот Дух е исто таква Светлост или Светлина.

П. Колку волји има во Бога?
О. Една волја.

П. Колку ипостаси исповедуваме во Бога?
О. Три ипостаси – Отецот, Синот и Светиот Дух.

П. Бидејќи така ми кажуваш за Бога, кажи ми накратко - по што Бог е единствен, а по што троичен?
О. Единствен по Божеството, како што рековме

порано, а троичен по ипостасите.

П. Што е кај трите божествени ипостаси општо, а што е посебно?

О. Посебно кај Отецот е нераѓањето; кај Синот раѓањето, а кај Светиот Дух исходувањето; а општо кај нив е Божеството и царството.

П. Од кого е роден Синот?

О. По Божеството од Отецот, пред сите векови, како светлина од светлина, на духовен, а не на телесен начин или подобро речено - на неискажлив начин.

П. Светиот Дух од кого исходува?

О. Од Отецот, како што поучуваат *Евангелието* и Симболот на Светата Вера.

П. Дали Бог е видлив или невидлив?

О. Невидлив, зашто Бог е Дух, Бог е Светлина, Бог е духовна природа, бесплотен, непоимлив, неопислив, неискажан.

П. Ако Бог е бесплотен, според твоето кажување, зошто тогаш псалмопевецот му припишува многу делови на телото: очи, уши, раце, рамена итн.?

О. Така псалмопевецот го опишува Бога за преку телесните видливи знаци да ја изрази дејствителната невидлива Божја сила, со која Тој го одржува и го упатува своето создание. Тој е сиот око, и сиот е уво,

зашто сè гледа и сè слуша, и ништо не може пред Него да биде сокриено; сè е голо и објавено пред Него, и не само делата и зборовите, туку и мислите и срцето; следствено на тоа и неговата рака е семоќна и сесилна и сè создава по Неговата семоќ.

П. А каде престојува Бог?

О. Со своето Божество Тој е насекаде.

П. А дали е секаде со својата благодат?

О. Не насекаде, туку само на избрани места.

П. Што се тоа *избрани места?*

О. Храмот Божји кај што почиваат свети мошти и кај што се извршуваат свети тајни; особено избрано место за Него е Престолот Божји на небото.

П. Кој е Христос?

О. Христос е Син Божји и Бог - втората ипостас на Света Троица.

П. Кога на Синот Божји му беше дадено името Исус Христос?

О. По овоплотувањето од Света Дева.

П. Колку природи исповедуваме во Христа, Синот Божји, овоплотен поради нас?

О. Исповедуваме две природи: една божествена и една човечка. Божествената природа е самото Божество; а човечката природа е тело и душа.

П. Колку суштества исповедуваме во Христа?

О. Исповедуваме две суштества: едно единосуштно на Отецот по Божество, а другото единосуштно на Мајката по човештвото.

П. Колку волји исповедуваме во Христа?

О. Исповедуваме две волји: волја божествена и волја човечка.

П. Што е *волја божествена!*

О. Волја божествена е, на пример, да се очистуваат губавите, кога Христос сакаше да покаже Божја волја и дејствие, му рече на губавиот: *Сакам очисти се!*

П. Што е волјата човечка?

О. Волја човечка е, на пример, да се бара вода како на крстот.

П. Колку делувања се во Христа?

О. Исповедуваме две делувања - божественото и човечкото.

П. Што е тоа *божествено делување?*

О. Божествено делување е да се спаси секој човек и да дојде во познание на вистината.

П. Што е делување *човечко?*

О. Да се патува, да се труди и сл.

П. Колку ипостаси исповедуваме во Христа?

О. Исповедуваме една ипостас на Бога Слово,

зашто Тој е Единствениот Син Божји, и Син на Дева, како што рековме порано.

П. А има ли Христос човечка ипостас?

О. Нема, зашто нема два сина или двајца Христоси, туку еден Христос - Син Божји и Син на Дева, како што рековме порано.

П. Колку раѓања на Синот Божји исповедуваме?

О. Исповедуваме две раѓања: првото предвечно, безвремено, бесплотно, зашто засијал од Отецот како Светлина од Светлина; второто, на крајот, Бог велик, предвечен, беспочетен, непостижен по Божество, неопфатлив, водител на срцата на сите луѓе, се роди од Дева Богородица.

П. Зашто се овоплотил Синот, а не Отецот или Светиот Дух?

О. За да го исполни својството на Својата ипостас, да биде Син, и на небото и на земјата.

П. Насекаде ли е плотта Христова или не е?

О. Не е насекаде.

П. А каде таа сега се наоѓа?

О. Плотта Христова, примена од Пресвета Богородица, со нас поживеа на земјава и пострада, по воскресението од мртвите и по вознесението се наоѓа на небото.

П. А дали е плотта Христова на земјата?

О. На таинствен начин, плотта Христова е на земјава - во Божјите тајни, во форма на леб и вино.

П. Зошто псалмопевецот му препишува на Христа *седнување* кога вели: *Му рече Господ на Господа мој - Седни оддесно на Мене* (Пс. 109,1), а и Символот вели: *И седна оддесно на Отецот!*

О. Со зборовите на Бог Отецот кон Синот: *Седни оддесно на Мене,* псалмопевецот покажува дека Синот по Божество е рамночесен и единосуштен на Отецот и Светиот Дух; а Символот исповедува дека Тој и по човештвото стекнал во Бога божествена чест.

П. Со каква природа Господ Христос пострада за нас?

О. Со плотта како страсна природа, а не со Божеството.

П. Дали го славиме првото рождество Христово?

О. Првото Христово раѓање нема празник зашто тоа е безвремено, за нас недостапно. Второто го празнуваме според одредбата на Црквата на 25 декември; а претходно на 25 март (по стар стил - з. н.), по благовестувањето од архангелот во Приснодева Марија се овоплоти Словото.

П. По овоплотувањето Христово и по соединувањето на Божеството со телото, не

настана ли разделување па Бог Синот од Бог Отецот и од Бог Светиот Дух?

О. Не, зашто Божеството е насекаде присутно и се исполнува неразделно; ниту Синот со Своето овоплотување и слегување на земјава не се раздели од Отецот, ниту Отецот од Синот, ниту Светиот Дух.

П. Можеше ли да се овоплоти Отецот или Светиот Дух?

О. За тоа рековме: Синот се овоплоти за да биде, и на небото и на земјата Син; Бог Отецот е да е нероден, а на Духот да се исходува.

П. Ако не постоеше небото и земјата, каде ќе престојуваше Бог?

О. Бог ќе си беше Самиот во Себе. Тоа што Тој ги создаде небото и земјата, не ги создаде за самиот себе, за во нив да престојува и да почива, туку поради нас, за да биде од нас фален и почитуван.

П. Дали Бог има престол на небото?

О. Бог е насекаде и сè исполнува, како што е речено, но светлината на своето Божество Тој ја јавува, пред сè, на небото и таму има неискажлив престол, како што самиот вели: *Небото е престол Мој, а земјата подножје на нозете мои* (Исаиј. 66,1). Нозе, се подразбира духовни, а не телесни, т. е. Неговото присуство е слично на сончевата светлина, насекаде е и сè исполнува.

П. Дали Бог се јавувал на земјава?

О. Бог никој никогаш не го видел каков е, но

колку што им е можно на нашите очи да гледаат, јавувања Божји имало, или јавно или во сон, како што имале праотците, пророците, апостолите, мачениците и други благочестиви луѓе. Така и Синот Човечки ја објавил славата на Своето Божество при преображението и вознесението, колку што можеа да сместат човечките очи.

П. Кога Бог ги создаде ангелите, дали пред сите векови?

О. Не, никако. Тој сам постоеше пред сите векови несоздаден и нема почеток по природа. Ангелите се создадени од Него во нивно (одредено) време.

П. Што се ангелите и какво сфаќање треба да имаме за нив, кои се тие?

О. Ангелите се духови, бесплотни, невидливи, безгрешни, не сами по себе, туку поради благодатта Божја, создадени пред сите нешта и кои можат да се пренесуваат од место на место брзо како трепнувањето на окото.

П. Зошто се создадени ангелите?

О. Ангелите се создадени за да му воспеваат слава на Бога и да му служат на Бога; потоа, за да им служат на луѓето во светот, да бидат заштитници на царства, градови, места, на луѓе и на сето создание.

П. На колку чинови се разделуваат?

О. На три, а во секој чин по три: во првиот - престоли, херувими и серафими; во вториот: власти,

господства и сили; во третиот: ангели, архангели, начала.

П. Дали се тие безгрешни?

О. Речено е веќе, тие се безгрешни, но не самите по себе, туку по благодатта Божја; затоа што не се согласија со светлоносецот да му се спротивстават на Бога, затоа ја имаат од Бога таа благодат, а не од својата природа.

П. Што е *светлоносецот*?

О. Светлоносецот бил најблагородниот и најнапредниот ангел, но станал неблагодарен кон Бога и благодатта. Ја засакал повеќе љубовта кон созданието, т. е. кон себе; се засакал повеќе себеси отколку Создателот, т. е. Бога; посакал да му биде на Бога подобен и се возгордеал, поради што бил отфрлен од небото во пеколот со сите свои истомисленици, лишен од природната убавина, но ангелската природа оставена при него толку се претворила во темен бес и секаква нечистота, што станал предизвикувач на беззаконие и непријател на Бога и на луѓето.

П. Може ли овој темен ангел да се покае, зашто Бог е долготрпелив и многумилостив, не се разгневува докрај, ниту цел век се лути?

О. Бог никогаш не се разгневува, кога ќе го види покајникот, но природата на паднатите ангели е толку изопачена од гревот што тие не можат да пројават покајание, бидејќи и благодатта на

покајанието дадена на еден човек, заради Христовото овоплотување, на паднат ангел не му е дадена.

П. Во кое време ангелите се утврдени во благодатта за да не можат повеќе да грешат?

О. Во времето кога не се согласиле со светлоносецот, од кого благодатта беше одземена, а ним им беше дадена.

П. Дали ангелите се создатели на земјата и на сиот свет?

О. Бог е Создател на сè. Ангелите се слуги Господови. Имаше такви еретици кои ги нарекуваа ангелите создатели; но оваа ерес заедно со нејзините приврзаници одамна е проколната.

П. Може ли Бог да создаде и друг ваков свет?

О. Не само таков, туку илјадници светови може да создаде. Тоа што не создава не е немоќ, туку тоа е работа на благоволението. И кој му е Нему советник, и кој го знае Неговиот ум.

П. Дали до составувањето на Символот постоеше вера?

О. Не само до составувањето на Символот, туку од постанокот на светот постоеше верата, почнувајќи од Адама и неговото потомство, вера во Бога - Создателот на сè, и во Тој што требаше да дојде и да се овоплоти Синот Божји, наречен месија. Таа вера беше кај сите праотци, патријарси и пророци сè до овоплотувањето на Синот Божји. По овоплотувањето

на Синот Божји, верата ја проповедаше самиот Христос, апостолите ја научија, а потоа Светите Отци на вселенските собори ја распространија, ја протолкуваа и ја утврдија со Светиот Дух.

П. Зошто Синот Божји е наречен *Христос* и што значи зборот *Христос?*

О. Зборот *Христос* значи *Помазаник.* Синот Божји е Цар на небото и на земјава, а царевите ги нарекуваа *помазаници;* затоа и Синот Божји се нарекува *Христос,* т. е. *Помазаник.*

П. *Дали Христос по Божеството се роди од Пресвета Богородица?*

О. Никој така не расудувал дека Христос по Божеството се родил од Пресвета Богородица, ниту расудувал така безбожно. Тој е роден од човештвото; а Дева Марија поради тоа се нарекува Богородица, зашто таа го роди Бога Словото во човечка плот, роденият пред сите времиња.

П. Дали Христос ќе се овоплотеше ако Адам не згрешеше?

О. Не би се овоплотил зашто причината на Господовото овоплотување е Адамовиот пад: Адам умре засекогаш, а Христос го воскресна засекогаш.

П. Знаеше ли Бог дека Адам ќе згреши?

О. Знаел.

П. Зошто му допуштил да згреши или зошто го создал?

О. Недостојно е мнението дека Адамовиот престап ја победи Божјата благодат или дека лукавството на ѓаволот ја надвладеало, како Бог да се плашеше од Адамовиот грев, или ѓаволското лукавство и да не ги создадеше, ни Адама ни ѓаволот. Зашто Бог, кој е благ и сакајќи да благодетствува, со својата благост ги создаде, и ѓаволот и човекот, во добра состојба како созданија кои не го сакаат и го мразат беззаконието. Но ѓаволот и човекот згрешија по својата сопствена и самоволна желба. А тоа што Бог им допуштил и не ги спречил да погрешат, и ѓаволот и човекот, тоа е поради тоа што Бог не врши насилие според своето правосудие за кое псалмопевецот посведочува: *Праведен си Ти Господи н приведен е Твојот суд* (Пс. 118, 137,

П. Што правеше Христос на земјава со своето Божество?

О. Лепрозните ги очистуваше, мртвите ги воскреснуваше итн.

П. Што уште правеше по своето човештво?

О. Страдаше, беше распнат и умре.

П. Дали Христос страдаше само со душата или само со телото?

О. И со душата и со телото зашто тело без душа не страда.

П. И душата ли се распнала?

О. Телото се распнало, а душата страдала: телото се заковало за спасението на светот и крвта се пролеала, а душата трпела болка: особено жалел Тој што знаел дека не многумина ќе се покористат со Христовите страданија за своето спасение.

П. Кое беше последното Христово страдание?

О. Распнувањето и прободувањето.

П. Што се случуваше кога Христос умираше на крстот?

О. Душата се разделуваше од телото, црковната завеса се расцепи, карпи паднаа, сонцето и месечината се затемнија, мртви станаа од гробовите, земјата се тресеше.

П. Што стана тогаш со Христа?

О. Бог пострада во плотта со плот, а не со Божеството, умре и созданието го виде убиен и како душата ја предава во рацете на Отецот.

П. Каде појде душата Христова по смртта?

О. Во адот за да ја урне областа на сатаната и да ја избави душата на Адам и на сите запленети од адот, и да ја стави силата на своето Божество.

П. А каде потоа отиде душата Христова?

О. Во рајот, кај што и ослободените заробеници од адот ги поведе со себе; тогаш и душата на

разбојникот влезе во рајот.

П. А од рајот каде појде душата Христова?

О. Се врати во телото и тогаш Христос воскресна.

П. А во умреното тело Христово беше ли присутно Божеството?

О. Многупати е кажано дека Бог е насекаде со своето Божество; така и Синот Божји беше со своето Божество во адот со душата, и во умреното тело и насекаде неопислив со Отецот и со Светиот Дух.

П. Дали Христос долго престојуваше на земјава по воскреснувањето?

О. До денот на Своето вознесение на небото.

П. Каде тој престојуваше до вознесението?

О. Понекогаш во рајот ги утешувал откупените; понекогаш им се јавувал на своите ученици и ги поучувал.

П. Од каде се вознесол Господ и го гледал ли некој тоа?

О. Се вознесол од Елеонската Гора, а тоа го гледале неговите ученици, Богомајката и другите жени.

П. Што значи *Елеон?*

О. Елеонската Гора е место каде што растеле маслинови дрвја, од кои се произведува масло (елеј), или наречено *дрвно масло.*

П. Дали Господ се вознесе со своето Божество или со човештвото?

О. Со своето човештво бидејќи тоа по воскресението беше обожавано, прославено, светловидно и светеше со Богоподобно светло.

П. Зошто Господ Исус Христос седна оддесно на Отецот?

О. Не само поради своето доброволно смирение, страданија и смрт, туку и поради тоа што ќе ги суди живите и мртвите.

П. Кој од луѓето е прославен од Бога на небото?

О. Пресвета Богородица, а по Богородица место со ангелите има Јован Претеча, а потоа светителите.

П. Зошто Богородица е над сите светии и ангелите?

О. Затоа што е Мајка на Спасителот на светот.

П. Од каков род по своето човештво е Христос?

О. Од еврејски, и не само Христос, туку и Пресвета Богородица и апостолите.

П. Во каков вид се јави Светиот Дух и кога?

О. Се јави во вид на гулаб, при крштението на Господа.

П. Зошто?

О. Затоа што гулабот е чиста птица, а Светиот Дух ја љуби душевната чистота.

П. Дали душите на светителите го гледаат Бога на небото?

О. Постојано го гледаат лицето на Отецот небески и од гледањето негово се веселат.

П. Во тоа ли се состојат блаженството и наградата?

О. Во тоа, како што сведочи псалмопевецот: *Ќе се наситувам на отсекогаш јавуваната слава Твоја* (Пс. 16,15).

П. Значи, светителите ја примиле наградата пред судниот ден? Но апостолот вели: *За без нас да не примат совршенство,* што значи дека нема совршена награда пред судниот ден...

О. Нема совршена награда за совршениот човек пред судниот ден, т. е. и со душа и со тело, туку има награда делумна, како што има мачење за осудените во пеколот. По судниот ден ќе има совршена награда по душа и по тело.

П. Значи има делумно мачење?

О. Има.

П. Какво е?

О. Очајание, чувствување на гневот Божји, лишување од вечните богатства, места темни и ужасни, постојано гледање на ѓаволот и соживот со

него и мачење на душата од него, незгаслив оган, вечно живиот црв на совеста.

П. Има ли вера и надеж на небото - кај избраните и кај ангелите?

О. Кај ангелите нема вера и надеж; зашто од времето откако се утврдија во благодатта, тие го видоа Тој во Кого требаше да се верува и да се надева. А тие што секогаш го гледаат лицето на Отецот Небески - тие вера и надеж немаат, зашто верата и надежта се потребни за она што не го гледаме. Кај избраниците Божји нема вера и надеж на небото, бидејќи она во што тие веруваа го гледаат и Оној на кого се надеваа - го имаат. Една љубов живее во ангелите и избраниците вечно - бесмртна.

П. Што го побуди Синот Божји да се овоплоти и да умре со крсна смрт?

О. Љубовта спрема човечкиот род.

П. Кого цар Давид го нарекува *Бог?*

О. Апостолите, пророците и сите избраници. Но тие не се еднакви на Бога и не се по суштество и по природа богови, туку со примањето на благодатта Божја. И царевите се нарекуваат богови, поради примањето на Божјата власт на земјава.

П. Зошто Христос е совршен човек?

О. Бидејќи има тело и душа.

П. Каде престојуваат светите мошти?

О. Кај што тие се успокојуваат, во места избрани, во Божјите храмови и на Светиот престол.

П. Колку својства има Светата Црква?

О. Четири: една, света, соборна и апостолска; посебно, повишо својство на Црквата е тоа што таа е Телото Христово, како што вели апостолот: *Вие сте тело Христово и негови членови* (1 Кор. 12,27).

П. Зошто Црквата е една?

О. Бидејќи во неа е еден Бог, една вера, едно крштение, едни тајни и заповеди и едно учење - евангелско и апостолско.

П. Зошто Црквата е света?

О. Зашто верува во Светиот над Светите, потоа бидејќи има тајни примени од Христа Бога кои се најсвети и надвор од Црквата нема светиња.

П. Зошто Црквата е соборна?

О. Бидејќи е собрана од сите народи од сиот свет, а не од еден народ, како што порано беше, од еврејскиот.

П. Зошто Црквата е апостолска?

О. Апостолска е бидејќи беше предадена од светите апостоли и има власт апостолска, т. е. свештенство.

П. Кој ја создал и ја утврдил Црквата, и на кого ја утврдил?

О. Христос на Самиот Себе ја утврдил Црквата, и ја устроил и ја стекнал со својата крв.

П. Во што се гледа Божјиот лик на човекот?

О. Во душата невидлива, разумна, жива, бесмртна и самостојна, која управува со сета земја, и со трите душевни сили: ум, разум и дух, како што за тоа расудува преподобниот Јован Дамаскин (во книгата *Православно исповедание за светите икони).*

П. Објасни го тоа со појасен пример?

О. Како што суштината и природата на душата се невидливи сили, и Бог е невидлив. Како што душата е суштество разумно, така и Бог е Господ на разумите. *Кој го разбира умот Господов или кој му беше негов советник: О длабочино на богатството и премудроста и разумот Божји!* Како што душата е суштество живо и бесмртно, така и Бог е жив и се оживува пред сите векови. Како што Бог е самостоен со својата волја и владее со сите ствари, така го создал и човекот самостоен и да владее со сите морски риби и небесни птици и со сета земја. Како што Бог е во три лица, така и човечката душа има три сили: ум, разум и дух. Како што разумот и духот се од умот, така и Отецот не бил никогаш без Синот и Светиот Дух, и не може да биде. Како што умот, разумот и духот се три различни душевни сили, а душата е една, така и Отецот, Синот и Светиот Дух се три Лица Божји, а Бог е еден, а не се три богови.

Како што душата е во сето тело и нема ни еден член без душа, така и Бог со своето Божество ги исполнува небото и земјата и сиот свет и ниедно место не може без Бога да постои и да опстојува. Но Бог, за разлика од душата во телото, не би можел да се смести во сиот свет, и ако би создал и илјадници и илјадници светови, не би можел да се смести во нив.

П. Значи, човекот е според душата, а не според телото создаден по ликот Божји?

О. Да, соодветно на душата, се стреми и несовршено: кој е како Бога?

П. Зошто во заупокојната стихира за мртвото тело пишува: *Ја видов како лежи во гроб, според Божјиот лик создадена, нашата убавина, безлична и неславна?*

О. Оваа стихира е творба на преподобниот Јован Дамаскин, кој, во погоре споменатото дело за светите икони, го признава ликот Божји во душата, но не и во телото, така и во втората книга за Православната вера во XIV глава.

П. Можеме ли Христа или Светиот Дух да ги нарекуваме *Отец?*

О. Можеме, но наш Отец, а не по Божество.

П. Зошто *наш Отец?*

О. Затоа што Христос нè искупи со Својата Крв, а Светиот Дух го осенува со благодат секој верник и го осветува со крштението и со другите

тајни - и затоа што и Христос и Светиот Дух заедно со Отецот се наш Создател и Животодарител; затоа следува дека и Отецот и Христос и Светиот Дух се наш Отец. И евангелската молитва: *Оче наш, кој си на небото...* се однесува на сите Три Лица Божји.

П. Дали е Отецот таков каков што се претставува на иконите - старец со брада?

О. Воопшто не е таков. Кога не можеме да го опишеме нашиот ум во нашата душа, уште поневозможно е да си го претставиме со цртежи Бога кој нè создал. Но бидејќи им се јавувал на пророците и беше нарекуван Старец во години, затоа Светата Црква, според општото согласие на Светите Собори, озаконила така да се претставува и почитува, во лик на Старец, и да го признава Предвечниот и Беспочетниот, кој нема ни почеток ни крај на времето.

П. А Синот таков ли е?

О. Синот има плот човечка и е совршен Човек и Бог, затоа и се претставува како што и се јавил, во човечки лик, некогаш во совршена возраст, некогаш во младоста, иако Божеството како Слово не може да се претстави.

П. А Светиот Дух, таков ли е каков што се јави?

О. Не е таков. Неговото јавување беше во вид на гулаб и ние побожно му се поклонуваме на ваквото претставување, но Духот не може да биде

опишан.

П. Кога веруваме во Црквата, тогаш во што веруваме?

О. Веруваме во Христа - Главата на Црквата, во Христовото учење - евангелско и апостолско, во светите тајни, во Христовите преданија на Црквата.

П. Се моли ли Христос за нас и сега на небото?

О. Како наш Избавител на човештвото, и на земјава му се молеше на Својот Отец, особено на Крстот, и беше услушан. Сега, на небото, во исполнување на услишаната молитва на земјава, претставува постојан Посредник кон Бога Отецот и со Својата плот, пострадана и воскресната и пренесувана во бескрвната жртва.

П. Освен Христа, имаме ли и други посредници?

О. Толкави посредници како Христа и такви како Него за нас немаме. Но за да го умилостиват Бога, прогневен поради нашите гревови, имаме големи посредници - Божјата Мајка и сите светители.

П. Дали некогаш Бог Отецот бил без Синот?

О. Не бил, зашто ако некогаш бил без Синот, тогаш не би бил Отец, така и Синот не би бил Син ако бил без Отецот; туку неговото раѓање е

неизречиво, т. е. предвечно и беспочетно.

П. Каде се случи благовештението за овоплотување на Синот Божји?

О. Во Назарет.

П. Дали долго се овоплотуваше предвечното Слово?

О. Во еден миг.

П. Кој ја нарекол Пресвета Дева Богородица?

О. Елисавета, жената на Захарија.

П. На кој јазик е зборот *Саваот!*

О. На еврејски.

П. Што значи на руски?

О. Седржител или семоќен, или сесилен.

П. Чие име е *Саваот!*

О. На сите Три Лица Божји, како што нè учи Символот на Св. Атанасиј: *Седржител Отец, Седржител Син и Седржител Дух Свети, но не три Седржители,* туку *само еден Седржител и како што пее ангелското Славословие: Свет, Свет, Свет Господ Саваот.*

П. Што значи *Исус?*

О. Спасител.

П. Чиј збор е *Исус?*
О. Еврејски.

П. Што значи *Христос?*
О. Помазаник.

П. Чиј збор е *Христос?*
О. Грчки.

П. Како се вели *Помазаник* или *Христос* на еврејски?
О. Месија.

П. Чие име е *Исус Христос* или *Месија?*
О. Името на Синот Божји, а не на сета Света Троица.

П. Кое име се пишува на Христовиот венец?
О. ’O wy.

П. Што значи ’O wy?
О. ’O wy е грчки збор, кој по наше значи: Оној што е.

П. Поради што тоа име се пишува на Христовиот венец?
О. За да не помисли некој дека Христос го започнал своето постоење тогаш кога тој се роди од Пресвета Богородица, но да се знае дека Тој уште пред раѓањето од Богородица - по Божеството е роден пред сите векови, без почеток од Отецот и

земајќи го со својата Божја ипостас во свое време, Тој е Оној што е, и што порано беше, го почна суштествувањето како човек, а не како Бог.

П. Какво име се пишува на иконата на Богородица?

О. Се пишува грчкото име *митир теу,* што значи *Мајка Божја.*

П. Што значи името н*ика* - на просфората?

О. И ова име е грчко и на наше значи *победител.*

П. Зошто на иконата на Пресвета Богородица се цртаат три ѕвезди на челото и на раменатa?

О. За да покажат дека Пресвета Богородица и пред, и во, и по Христовото рождество - е Дева.

П. Постои ли на земјава Телото Христово?

О. Речено беше дека Христос - со силата на Своето Божество - се вознесе на небо со душата и телото; но во таинствена форма остана на земјава во вид на леб и вино во светата евхаристија.

П. Зошто Христос се нарекува Свештеник по чинот на Мелхиседек и како Мелхиседек го претставил со себеси Неговото Свештенство?

О. Како што за Мелхиседек немаме во Писмата извештај за неговиот род, ниту за неговиот животен крај: така и Синот Божји е беспочетен и бесконечен: *Родот негов кој ќе го исповеда!* И како што Мелхиседек му принесуваше на Бога жртва од леб и вино, така и Христос се принесува себеси на жртва на

Бога во вид на леб и вино во тајната на светата евхаристија.

П. На што се утврдува верата?

О. На Божјото откровение - кое Бог го открил преку пророците и апостолите, бидејќи виденото не е предмет на верата, како што е напишано: *Блажени се тие што не видоа и поверуваа* (Јн. 20, 29).

П. Што е писмо, а што предание?

О. Писмото, тоа е Стариот и Новиот завет; а Преданието сме го примиле со усна проповед на светите апостоли и преку писанијата и законите на Светите Отци.

П. Кој ги проповедал Стариот завет и Законот?

О. Мојсеј, според повелението Божје, кој воедно е и прв пророк.

П. Колку има книги Мојсеови?

О. Пет. Тоа се: *Битие (Постанок), Излезот, Левитска, Броеви и Повторени закони.*

П. Какви книги има во Новиот завет?

О. *Евангелие, Апостол и Апокалипсис.*

П. Кој го напишал *Евангелието?*

О. Четирите евангелисти: Матеј, Марко, Лука и Јован.

П. Кој ги напишал *Апостолот* и *Апокалипсисот!*

О. Лука, Петар, Јаков, Јуда, Павле, Јован.

П. Од кого се состои Црквата?
О. Од различни народи.

П. Колку имиња ти носиш на себе?
О. Три: по природа - човек, по крштение - име, по вера - христијанин.

П. Зошто се нарекуваш христијанин?
О. Како што е речено во *Делата апостолски* (11 ст. 26), затоа што веруваме во Христа онака како што Тој нè поучи преку апостолите, преку евангелистите и преку Својата Црква апостолска, и што притоа облекувајќи се во Христа во крштението и тесно соединувајќи се со Него во светата причесна со Неговото Тело и Крв, ние имаме заедништво со Него како браќа и синови и го примаме ветеното наследство на Царството Небеско, само ако самите не го изгубиме со нашиот сопствен разврат.

П. Колку општи, суштествени Божји својства има?
О. Невозможно е да се избројат.

П. Покажани ли се негде?
О. Во Симболот на Атанасиј, патријархот александриски се покажани овие општи својства: несоздаден, непостижен, вечен, Седржител, Бог, Господ. За таквите својства опширно се зборува во книгата *Православното исповедание* (дел 1, одговор

на XIII прашање).

П. Каква е разликата меѓу Бог и Господ?

О. Различните имиња Бог и Господ укажуваат и на разликата што постои меѓу нив, т.е. тие претставуваат различни својства Божји. Името *Бог* го носи семоќниот Создател Кој од ништо создаде сè без мака или потреба, единствено по Својата благост. Името Господ го претставува Владиката Кој владее со сето создание, Кој со својата волја се држи и со сè управува. Ако не сака сè да одржува, сепак може да се врати во небитие, според зборовите на Царот Пророк: *Тие ќе погинат, Ти ќе постоиш* (Пс. 101), т. е. земјата и небото со сите созданија создадени од Тебе Господи, ќе погинат, ако Ти сакаш да ги погинеш и да ги вратиш во првобитното небитие. Ти постоиш, и со нив, и без нив и ништо со тоа не се намалува, ниту се менува.

П. Кои се Божјите лични својства?

О. Отецот не е роден, Синот е роден пред сите векови, Светиот Дух предвечно исходува од Отецот.

П. Тоа ли се сите лични својства?

О. Лично својство на Синот е уште и овоплотувањето.

П. Во што се состои Законот Божји?

О. Законот Божји се состои во две добродетели, јасно кажани во две заповеди кои ја сочинуваат основата на десетте заповеди.

П. Кои се тие две заповеди?

О. *Возљуби го Господа Твојот Бог со сето свое срце, и ближниот свој како самиот себеси.*

П. Како сме ние должни да го љубиме Бога?

О. Бидејќи Бог нас нè создаде од ништо и поради нас ги создаде небото и земјата со сите убавини, потоа, откако погинавме, Тој нè откупи со крвта на својот Син, затоа и ние сме должни да го љубиме и почитуваме Бога како што децата ги почитуваат и ги љубат своите татковци, дури и никаква светска љубов не би смеела да ја надмине љубовта кон Бога.

П. Како ние сме должни да го љубиме својот ближен?

О. Никој не си е непријател на самиот себе, ниту некој својата плот ја намразил, туку ја храни и загрева, така и ние сме должни да им посакуваме добро на другите како на себеси и да ги љубиме како што си се љубиме себеси.

П. Кои се десетте заповеди, набroj ми ги посебно, за да знаеме што да разбереме од нив и што да правиме според нив?

О. 1. Да не признаваме други богови освен Единствениот Бог Кој ги создаде небото и земјата и сè што е на нив, и никому божествена чест да не му воздаваме.

2. Да не правиме никакви кумири или нечесни

ликови слично на идолопоклониците, и да не им се поклонуваме, освен единствено на чесните и свети ликови во славата Божја, и на Пречистата Негова Мајка и на светите угодници.

3. Да не го споменуваме името Божје, ниту на Неговата Пречиста Мајка за лакрдија и смев и да не се колнеме со името Божје напразно и неправедно.

4. Неделата и празниците да ги почитуваме со одење во Црквата на молитва, особено на Светата литургија, потоа со правење милостини, со читање книги од *Божјото Писмо* и други благотворенија, пред сè, ваквите големи денови да ги поминуваме со трезвеност, а не да ги осквернуваме со одвратното пијанство од кое многу зла произлегуваат.

5. Почитувај ги таткото и мајката и секоја власт; *зашто ако човекот кого што го гледаме не го љубиме и не го почитуваме, како можеме да го љубиме Бога, Кого не Го гледаме?*

6. Не убивај човек брзо без правосудие и не само што не смееш да пролееш крв и да усмртиш, туку не смееш ниту лесно некого да го удриш; не смее да се убива ниту доброто име, слава и чест на ближниот со лажна клевета; да не се убива душата на ближниот со лош совет на зло, или со лицемерна пофалба или со принудување на зло.

7. Чувај се од блуд и прељубодејствија и од секоја грешна телесна нечистота.

8. Не кради, ни тајно, ни јавно, ни со насилство, ни измама, ниту со неправедно одземање, зашто сето тоа на кој било начин и од кого било неправедно одземено, се смета за кражба.

9. Не изнесувај лажно сведоштво за ближниот во која било работа.

10. Не пожелувај и не одземај ништо туѓо и не посакувај го она што му припаѓа на твојот ближен.

П. Колку востановени тајни од Господа Исуса Христа за нашето спасение исповедуваме?

О. Седум: а) крштение, б) миропомазание, в) евхаристија, г) свештенство, д) покајание, ѓ) брак, е) елеоосветување.

П. Од кого се основани овие тајни?

О. Од Христа Господа, со посредство на Неговата предрагоцена Крв.

П. Што е т*ајна?*

О. Тајна е таква служба во која преку соодветен видлив знак се внесува во верната душа благодатта Божја.

П. Поради што Христос ги воспоставил тајните?

О. Поради следното: 1) за да им даде означување на вистинските синови Божји, т. е. на синовите на Православната Црква; 2) за да им даде лекарство за нашето спасение.

П. Што е неопходно во секоја тајна?

О. Три работи: 1) да ја врши законит, т.е. правилно ракоположен служител на тајната; 2) да има материја или некој предмет соодветен на тајната;

3) да има форма со која секоја тајна се врши и дејствува, т.е. повикување на Светиот Дух и одредени зборови со кои свештеникот ја свршува тајната со силата на Светиот Дух, со изречената мисла, за да се освети тајната.

А. ТАЈНАТА НА СВЕТОТО КРШТЕНИЕ

П. Што е *крштение!*

О. Крштение е миење на првородниот грев, а кај возрасните и личните гревови.

П. Што ни донесува крштението?

О. Тоа ни ги отвора дверите на Царството Небеско.

П. Каква е материјата со која се изведува оваа тајна?

О. Обична, чиста вода со ништо непомешана.

П. Која е формата на оваа тајна?

О. Следниве зборови: *Се крштева работ Божји (или рабикаа Божја)* (се кажува името/ *во Името на Отецот, Амин и Синот, Амин и Светиот Дух, Амин. Амин, го вели кумот*).

П. На што треба да се внимава во оваа тајна?

О. Кумот и свештеникот да се од православната католическа вера.

П. Може ли обичен човек да крсти дете?

О. Може, но само во преголема крајна и смртна опасност, употребувајќи вода и велејќи ги зборовите: *Се крштева работ Божји...* итн.

П. Дали во таков случај свештеникот е должен повторно да го крсти детето и да ги врши крштalните молитви и обреди?

О. Повторно да се крштева не е потребно, но неопходно е само да го помаза со миро со одреденото чинопоследование.

П. Може ли оваа тајна да се повторува?

О. Не.

П. Зошто ние се раѓаме во грев?

О. Затоа што кога Адам згреши, тогаш и ние згрешивме со него, зашто како родени од него, станавме грешници.

П. Како ја стекнуваме благодатта Божја во крштението?

О. Со очистувањето на прародителскиот престап и со очистувањето на подоцнежните гревови направени до крштението човекот станува син Божји и наследник на благодатта на Светиот Дух.

П. Можно ли е во една вода да се крстат повеќе деца?

О. Можно е, како што е тоа укажано во житијата на светите, особено во житието на свети маченик Севастијан (Види Мин. 18. декември).

П. На што треба да внимаваме по тајната на крштението?

О. Бидејќи по крштението станавме синови Божји, ние сосема се одрекуваме од сите ѓаволски дела и ветивме дека ќе му служиме на Христа; според тоа сме должни до последната воздишка да го вардиме тоа што го ветивме на крштението.

П. Колку вида крштенија има?

О. Три: 1) со вода, 2) со желба и 3) со крв. Со вода се крштеваме според одредбата Христова, со желба и со крв се крстиме преку маченишТвото, при што го стекнуваме Царството Небеско поради нашето исповедување на Христа вистинскиот Бог и поради нашето страдание. Исповедувањето и страданието придружени со желба за крштение го заменуваат водното крштение во часот на смртта на маченикот.

Б. ТАЈНАТА НА СВЕТОТО МИРОПОМАЗАНИЕ

П. Што е миропомазание?

О. Миропомазание е тајна со која се излива благодатта на Светиот Дух врз новокрстениот.

П. Со каква материја се врши оваа тајна?

О. Со миро осветено од православен архијереј.

П. Каква е формулата?

О. Зборовите: *Печат на дарот на Светиот Дух, амин.*

П. На што треба да се внимава во оваа тајна?

О. На мирото да не му биде повредена благодатта. Ова миро не може да го освети обичен свештеник, туку архијереј и секој свештеник е должен да има миро осветено од архијереј.

П. Од што се прави светото миро?

О. Од дрвено масло и други видови тревки и масла.

П. Каква благодат стекнуваме со миропомазанието?

О. Се запечатуваме со дарот на Светиот Дух за да бидеме тврди и постојани во верата и во сите христијански добродетели.

П. Што да се прави со православните христијани кои отстапиле од својата вера и поживеале во неправославна вера, како, на пример, магометанска или еврејска и јазическа, и ако пак сакаат да се обратат во православието, потребно ли е тие пак да се крстат или не е потребно?

О. Не е нужно да се крстат, туку само да се помазат со миро, при што присоединетиот е должен да искаже одрекнување од својата заблуда.

П. Се дава ли оваа тајна по втор пат?

О. Им се дава на царевите при стапување на царството.

В. ТАЈНАТА НА СВЕТАТА ЕВХАРИСТИЈА

П. Што *е евхаристија?*

О. Евхаристија е тајната на Телото и Крвта на нашиот Господ Исус Христос.

П. Која материја се употребува на оваа тајна?

О. Квасен пченичен леб и вино од лозје, обично.

П. Каква боја треба да е виното?

О. Православната Руска Црква обично ја врши оваа тајна со црвено вино.

П. Каква е формулата на оваа тајна?

О. Зборовите обратени кон Бог Отецот: *И направи го овој леб Чесното Тело на* Христа *Твој, а виното во*

оваа чаша - Чесната *Крв на Христа Твој, претворени со Твојот Свет Дух.* И тогаш лебот и виното се претвораат во Телото и Крвта на нашиот Христос Бог, по дејството на Светиот Дух и молитвата на свештеникот.

П. Што треба да имаме предвид при оваа тајна?

О. Три работи: 1) свештеникот да биде правилно посветен, 2) престолот или антимнистот да бидат осветени од архијереј, 3) свештеникот да има потполна и несомнена вера дека суштината на лебот и виното со дејството на Светиот Дух се претвораат во суштината на Телото и Крвта на нашиот Господ Исус Христос.

П. Го гледаме ли ние преобразувањето на лебот и виното во Телото и Крвта Христови?

О. Не го гледаме, но без сомнение веруваме.

П. Какво дејствие произведува во нас лебот претворен во Телото Христово и виното, претворено во Крвта Христова?

О. Преку причестувањето со Телото и Крвта Христови ние се соединуваме со Бога, како огнот со железото и стануваме еднотелесни и еднокрвни со Христа, според евангелскиот збор Христов: *Кој го јаде Моето Тело и ја пие Мојата Крв, во Мене живее и Јас во него* (Јн. 6, 65), и според **Апостолот:** *Вие сте Тело Христово и членови негови* (1 Кор. 12,27).

П. За кого се принесува таквиот леб и вино, или поточно - во форма на леб Телото Христово, а во форма на вино Крвта Христова?

О. Најпрвин за духовната и граѓанската власт, како што тоа се гледа од проскомидијата и во ектениите; второ, за сите живи, не само за правоверните, туку и за неверните да се обратат; трето, за умрените во правоверието и за сите црковни потреби, и на крајот, за приносителот на Христовите тајни, т. е. свештеникот.

П. На кого му носи полза оваа тајна?

О. На православните христијани што ја примаат достојно и кои побожно присуствуваат на извршувањето на таа тајна, т.е. на Светата литургија; потоа за оние за кои се принесува - живите и мртвите.

П. Можно ли е да се спасиме без оваа тајна?

О. Не е можно зашто Спасителот рече: *Кој го јаде Моето Тело и ја пие Мојата Крв, живее во Мене и Јас во него,* уште и: *Ако не го јадете Телото на Синот Човечки и ако не ја пиете Неговата Крв, нема да имате живот во себе* (Јн. 6, 56 и 53).

П. Колку пати во годината му приличи на православниот христијанин да се причести?

О. Светата Црква озаконила да се причестуваме во сите четири пости; но обичните луѓе прават смртен грев на непослушност, ако барем еднаш во годината не се причестат, обично околу Светата

Пасха, т.е. Великиот пост.

Г. ТАЈНАТА НА СВЕШТЕНСТВОТО

П. Што е свештенство?

О. Свештенството е тајна во која преку ракоположувањето му се дава власт од Бога на тој што се ракополага да врши свештенослужение и тајни установени во Црквата Божја.

П. Која е материјата за оваа тајна?

О. Човек правилно насочен во степенот на свештенството.

П. Каква е формата?

О. Архијерејско ракополагање и молитва произнесена од архијерејот: *Божествена благода*т... и понатаму.

П. Колку степени на свештеништво има?

О. Три: ѓакон, свештеник и епископ.

П. Каков треба да биде свештеникот?

О. Треба да има соодветна возраст; 2) не смее да има две жени или да биде женет за вдовица; 3) треба да биде душевно здрав, да има увид и мудрост кон извршувањето на божествените тајни и поучување на луѓето; 4) треба да биде пример за добри и богоугодни дела; 5) не смее да биде роден од јавен блуд; 6) не смее да биде осквернавен со гревови, особено убиство на човек; 7) треба да ги има сите членови за вршење на ова дело.

П. Од каков пол треба да биде свештеникот?
О. Човек во добра состојба и од машки пол.

П. Каква е неговата власт?
О. Да ги извршува Тајните Божји.

П. Какви?
О. Ги има седум, како што рековме порано.

П. По што се разликува епископот од свештеникот?
О. Епископот сам ги извршува тајните и на други им ја пренесува власта да ги вршат тие тајни, а обичниот свештеник, т.е. јерејот ги врши сам, но само по дадената власт од архијерејот, и не може да ги даде на други да ги вршат; исто така, не може да освети миро или антимнист, кои ги осветува само архијерејот.

П. По што се разликува архиепископот од епископот?
О. По повисоко управување, исто како митрополитите и патријарсите.

П. Кога служи свештеник кој се наоѓа во смртен грев, дали е тајната тајна?
О. Тајната е тајна зашто својот почеток тајната го има во Христа, иако таа на свештеникот кој се наоѓа во грев не му носи никаква благодат *кој јаде и пие недостојно, судот свој си го јаде и пие зашто не го разликува Телото Господово,* вели апостолот

(1 Кор. 11,29).

Д. ТАЈНАТА НА СВЕТОТО ПОКАЈАНИЕ

П. Што е покајание?

О. Покајанието е тајна преку која ни се простуваат гревовите направени по крштението, со посредување на архијереј или јереј.

П. Која е материјата на оваа тајна?

О. Гревовите направени со мисла, збор или дело и самиот човек кој се кае за своите гревови направени по крштевањето.

П. Која е формата?

О. Разрешување од свештеникот со зборови: *Господ и Бог Исус Христос, со благодатта и милосрдието на своето човекољубие...* и понатаму.

П. Кој е вршител на оваа тајна?

О. Свештеникот.

П. На што треба да внимава свештеникот при вршење на оваа тајна?

О. Да земе предвид седум работи: 1) кој, 2) што, 3) каде, 4) со чија помош, 5) поради што, 6) како, и 7) кога, т.е. кој се кае? Човекот дали е православен христијанин, стар, женет, девственик, разумен. Што направил, т.е. згрешил против, ја прекршил Божјата заповед, во што и каде, односно на какво

место (в црква, дома, тајно или јавно)? Со чија помош, т.е. со совет, по покана, по принуда, по пример или самоволно? Поради што? Поради природна потреба, нужност и во кое време, во глад или потреба, во немоќ или задоволство, во богатство итн.? Потоа расудува за сето тоа и му налага соодветна епитимија.

П. Како се покаја Јуда?

О. Тој го исповеда својот грев и ги врати сребрениците, но очајувајќи за своето спасение, *отиде и се обеси* и не доби простување зашто не сакаше да се моли и да бара простување за својот грев со надеж на милосрдието Божјо.

П. Добро ли е да се простуваат јавните грешници?

О. Не е добро, освен ако тие што јавно згрешиле и јавно не се покајат. Ако, пак, таков човек со искрено покајание му се исповеда на свештеникот, тој разумно ќе постапи.

П. Во што се состои епитимијата?

О. Главно правило и својство на епитимијата е според Христовите зборови: *Оди и повеќе на греши.* Но, притоа свештеникот одредува: поклони, молитви, пост.

П. Доби ли разбојникот епитимија?

О. Да.

П. Каква?

О. Беше распнат на крстот и му беа скршени колената.

П. Со што се завршува оваа тајна?

О. Со простителната молитва што ја чита свештеникот.

П. Од кого има сила оваа тајна да ги простува гревовите?

О. Од Христа нашиот Спасител.

П. Каде може да се види пример на епитимија?

О. Во Евангелието - во епитимијата на Закеја кој се покајал за тоа што згреши.

П. Колку елементи содржи во себе епитимијата?

О. Три: 1) тага поради гревот, 2) усна исповед, и 3) епитимијата определена од духовникот.

П. Се простуваат ли секогаш гревовите кога за нив правилно се покајуваме?

О. Секогаш: во часот кога грешникот со срдечно сокрушение ќе повика ќе биде услишен од Господа, како што беа услишени Митирот, Закеј, Манасија, Давид, блудницата итн.

П. Што е бракот?

О. Бракот е света тајна на нелицемерна согласност меѓу мажот и жената, и чување на сопружничката верност и љубов.

П. Која е материјата на оваа тајна?

О. Лица од машки и женски пол кои слободно сакаат законито да се соединат и тоа да го сторат пред свештеникот.

П. Каква е формата?

О. Свештеничката молитва.

П. Што е нужно да се одржува во оваа тајна?

О. Тој што сака да стапи во тајната на сопружништвото, пред сè, е должен да ги изврши следните благопотребни дела: 1) да пости извесно време пред бракот, 2) да се исповеда и да се причести со светите тајни на Телото и Крвта Христова, 3) да очисти сè што се противи на бракот, 4) обете страни да имаат вера, чесност и чистота, 5) тие што стапуваат во брак не смеат да се во сродство, кумство, а треба да се слободни, правоверни и да поседуваат сè што бараат правилата.

П. Каква благодат се дава во оваа тајна?

О. Чесно раѓање на деца, при што љубовта кон жената не смее да биде препрека за љубовта кон Бога. Доколку постои одење со туѓи жени, може сè уште да постои љубов меѓу сопружниците, но таа е

непостојана и тука повеќе не постои Божја љубов, туку само противност кон Бога.

Е. ТАЈНАТА ЕЛЕООСВЕТУВАЊЕ

П. Што е елеоосветување?

О. Елеоосветување е тајна во која со помазание со осветен елеј (масло) и преку свештеничката молитва му се дава на болниот, преку благодатта на Светиот Дух, исцелување на болестите и простување на гревовите.

П. Каква е материјата на оваа тајна?

О. Осветен елеј, чист, без примеси.

П. Каква е формата?

О. Молитвата *Оче Свети, Лекару на душите и телата* итн.

П. Што треба да се изврши во оваа тајна?

О. 1) Според чинот црковен, оваа тајна треба да ја вршат седум свештеници, а во крајни услови двајца, а и еден може да биде, но тоа е незгодно и неудобно зашто е тешко да се заврши оваа света тајна бидејќи треба да се држи *Евангелието* на главата на болниот и истовремено да се чита молитвата. 2) Болниот е должен најпрвин да ги исповеда своите гревови, а потоа да ја прими оваа тајна.

П. Од каде знаеме за првото воспоставување на оваа тајна?

О. Од апостолите, зашто во посланието на Јаков пишува: *Ако некој боледува меѓу вас, нека ги повика презвитерите црковни* итн. (Јк. 5,14).

П. На кого му се дава оваа тајна?

О. Рековме дека освен на немошните и болните, на никој друг не му се дава. Здравите може да ја примаат оваа тајна само на Величетврток, според цврст установен црковен обичај, но не и според пишаното предание.

П. Зошто оваа тајна им се дава на здравите на Величетврток?

О. Бидејќи на Величетврток, на Тајната вечера, Христос го установи Новиот завет со своето Тело и Крв, и не е недостојно да се причести со оваа тајна и здравиот човек кој не ги гледа денот и часот на смртта.

П. Каква Божја благодат се предава преку оваа тајна.

О. Отпуштање на заборавените гревови до исполнување на недоисполнетата епитимија на болниот и исцелување или олеснување на телесната и душевната немоќ (болест).

Ж. ЗА ДОБРОДЕТЕЛИТЕ

П. Што е добродетелта?

О. Христијанската добродетел е исполнување

на Божјите заповеди со Божја помош и во согласност со човечкиот разум и добрата волја.

П. Колку има неопходни христијански добродетели?

О. Три: верата, надежта и љубовта, а се нарекуваат неопходни бидејќи без нив не е возможно човек да се спаси.

П. Кои добродетели се раѓаат од овие?

О. Молитвата, постот, милосрдието, мудроста, правдата, јакоста, целомудрието.

П. Кои од нив се најпотребни?

О. Љубовта кон Бога и љубовта коп ближниот, а љубовта е неопходна бидејќи и во овој и идниот век е бесмртна.

З. ЗА ГРЕВОВИТЕ

П. Што е грев?

О. Грев е прекршување на Божјите заповеди.

П. Со што ние грешиме?

О. Првенствено со збор, дело и помисла, а исто така и со петте сетила: поглед, слух, мирис, вкус и допир.

П. Како се делат гревовите?

О. Според Светото Писмо, некои гревови водат во смрт, а некои не.

П. Што е смртен грев?

О. Смртниот грев е непокорен бунт на човекот против Божјата волја и таквиот грев го одделува човекот од Божјата благодат и го уништува секое добро во душата.

П. Како се делат смртните гревови?

О. Смртните гревови се делат на прародителски и лични.

П. Што е прародителски грев?

О. Прародителски грев е прекршување на Божјата заповед што му беше дадена на Адама во рајот.

П. Со што се истребува овој грев?

О. Со крвта на синот Божји, во Светото крштавање.

П. Што е личен грев?

О. Личен грев е оној што ние сме го направиле по Светото крштение, со својот разум и волја во зрела возраст, а против Божјиот и моралниот закон.

П. Со што се истребува овој грев?

О. Со чисто и вистинско покајание и со Крвта на Синот Божји.

П. Што е несмртен грев, т.е. што се простува?

О. Несмртен грев е оној што не нè лишува од

благодатта и може лесно да биде простен.

П. Колку несмртни гревови има?

О. Невозможно е да се избројат несмртните гревови, според *Псалтирот: Паѓањата во гревови кој ќе ги разбере* (Пс. 18,13)?

П. Колку смртни гревови има?

О. Гревови смртни, изворни и главни има седум 1) гордост, 2) скржавост, 3) блуд, 4) завист, 5) стомакоугодие, 6) злопамтие, 7) мрзливост. Сите тие гревови се нарекуваат главни и почетни зашто од нив произлегуваат сите други гревови.

П. Со што се победуваат овие гревови?

О. Со спротивните на нив добродетели, и тоа: 1) гордоста се победува со кроткост и смиреност, 2) скржавоста со дарежливост, 3) блудот со противење на телото и со чистота, 4) зависта со љубов, 5) стомакоугодието со воздржаност и трезвеност, 6) злопамтието или гневот со трпение и кроткост, 7) мрзливоста со ревност и трудољубие.

П. Уште какви гревови има?

О. Следуваат шест што се нарекуваат гревовите против Светиот Дух: 1) неоснована надеж на Божјата милост, 2) очајување за своето спасение, 3) противење на знајна, утврдена и несомнена вистина и отфрлање на православната христијанска вера, 4) завидување на духовните дарови што нашите ближни ги примаат од Бога, 5) живеење во гревови и

соучествување во злобата, 6) немарност за покајание сè до крајот на својот живот. Има уште четири гревови што викаат до небото за освета. Тоа се: 1) намерно убиство на човек, 2) неприроден блуд, 3) угнетување на сиромашните, особено на вдовици и сирачиња, 4) неиздавање и закинување на заработката на сите оние што се трудат за нас.

П. Со што се победуваат овие гревови?

О. Со добродетелите и со вардење на Божјите заповеди, со скрушување на срцето, со покајание, исповед и епитимија.

П. Кои добродетели христијанинот е должен да ги врши и да ги исполнува постојано?

О. Следниве: на прво место, ден и ноќ да се проучува Божјиот закон, како што вели псалмопевецот во првиот псалм, и како второ, да му се моли на Бога во секое време, како што Христос ни објавува во *Евангелието. Чувајте се, вашите срца да не отежнат од разузданост, пијанства и претерани грижи за животот; и да ви не дојде овој ден одненадеж како примка; ќе им дојде имено на* сите *што живеат по сета земја. Туку бидете будни и молете му се на Бога во сето време, за да сте кадри да го избегнете сето тоа што ќе се случи за да застанете пред Синот Човечки* (Лк. 21, 34 - .36).

СОДРЖИНА

Символот	**5**
Вселенските собори	**10**
За Светата Троица	**17**
Кој е Христос	**21**
За ангелите	**26**
За светлоносецот	
Зошто синот Божји е наречен Христос	**28**
За Елеон и вознесението	**31**
За Светиот Дух	**32**
За небеската награда	**33**
За светата црква	**34**
Божјиот лик во човекот	**35**
Претставувањето во Бога	**37**
Посредници меѓу човекот и Бога	**38**
За овоплотувањето на Синот Божји	**39**
Што значи Саваот	**39**
Што значи Исус Христос	**40**
На што се утврдува верата	**42**

За книгите на Стариот и Новиот завет 42
Зошто се нарекуваш христијанин 43
Својства Божји 45
За Божјите заповеди 44
За светите тајни 47
Тајната на светото крштение 49
Тајната на светото миропомазание 52
Тајната на светата евхаристија 53
Тајната на свештенството 56
Тајната на светото покајание 58
Тајната брак 61
Тајната елеоосветување 62
За добродетелите 63
За гревовите 64